УДК 316.354.4

Јаков ЛАЗАРОСКИ

# НАЦИОНАЛИЗАМ И ДРУГИ ФОРМИ НА НАЦИОНАЛНА ПРИВРЗАНОСТ

**– синтетички приод –**

При определувањето на поимот национализам сретнуваме повеќе групи дефиниции, кои сепак не внесуваат доволно јаснотија, бидејќи содржината што под тој поим се подразбира е мошне различна. Најчесто поимот национализам се изедначува со националниот шовинизам (етноцентрички национализам), често се изедначува со национална свест воопшто (вклучува чувство на национална приврзаност национална лојалност, патриотизам) или пак се поврзува само со определени форми на национална свест (видови на национална приврзаност), или пак се изедначува со идеологијата на националната држава (пред сè ги вклучува системот на ставови и вредности кој се однесува на сопствената нација, на други нации и на појавата на нацијата воопшто).

За првата група определби за поимот национализам е карактеристично наведувањето на најразлични форми на оспорување на другите нации како политички став и форми на психички и идеолошки манифестирања и „засновување" на национализмот.

Се разликуваат повеќе форми (типови) на оспорување на други нации и манифестирање на национализам (д-р В. Павиќевиќ, 1971). Негова најдрастична форма е онаа во која се настојува кон едноставна физичка ликвидација или потполно поробување на другите народи. Друга форма на национализам е оспорување на правата на другите народи на националната самобитност и државност како политичка форма на таа самобитност, било во рамките на постојната повеќенационална заедница било надвор од неа. Како трета форма може да се наведе настојувањето на некоја нација својата евентуална бројна и друга надмоќност да ја искористи како средство за остварување на владеење и супремација над другите народи, а под изговор на некој општ интерес и под заштита на некои општи заеднички идеи. Се разликуваат и повеќе форми на психичко и идеолошко манифестирање на национализам кои влегуваат во поимот етноцентризам чија содржина ја чинат верувања и сфаќања на луѓето за посебно значење на својата нација,

што натаму често условува појавување на став за потценување и обезвреднување на другите нации. Како културен феномен национализмот би можел да се определи поточно како културен херметизам и затворање, како некритичко и натуралистичко јако затворање во сите традиционални вредности на некоја нација. Во врска со психолошките мотиви на национализмот, голем број психолози во национализмот гледаат во прв ред израз на инстиктот на агресија (стремеж за надмоќност). Но, национализмот може да биде и често е израз поточно на спротивни чувства односно на чувства од пониска вредност (состојби за фрустрираност и чувства за сопствената вина) кои во настојувањето да ѝ се оттргнат се прибегнува кон компензаторски механизми. Изучувајќи ги расните предрасуди во САД, познатиот психолог Олпорт утврдил дека за појавата на национализмот решавачки се психолошките чинители особено чувството на помала вредност кое на поединецот му служи како „психичка" патерица, т.е. потпирач во напрегањето да го воспостави нарушеното чувство на самопочитување. Така, поединец или група можат да го компензираат чувството за својата пониска сопствена вредност со тоа што својата нација, својата држава ќе ја сметаат за исклучително вредна; нешто од големините на овие тоталитети се пренесуваат и на поединците, кои „зборуваат во името на нацијата", „ги заштитуваат" нејзините автентични вредности. Како извор за појава на шовинистичкиот национализам кој се сретнува и кај поединци и меѓу групи психолозите го наведуваат и механизмот под поимот „барање жртвено јаре" (мошне стара појава, потекнува уште од магичкиот период во кој секој „друг" се смета за носител на „лош дух") кој поприма најразлични форми, сѐ до настојувањето за буквално истребување на „виновникот". Засолнувањето зад нацијата или било кој друг тоталитет кој се смета за неприкосновена и врвна вредност на единката или групата ѝ пружа психолошка и „етичка" можност да ги изживее своите агресивни инстикти, а притоа да не се смета за виновен туку „оправдан". Во своите најшироки форми национализмот, според сфаќањата на поголем број психолози, е поместена агресија.

И други наши социолози, филозофи и политиколози поимот национализам го определуваат како идеологија на ирационалноста која се манифестира во поматена колективна свест, која во својата исклучивост и некритичност покажува потполна неспособност за каква и да е рационална аргументација. Во моменти на остри социјални кризи таа ирационалност се манифестира како шовинизам кој е индуциран со слепата омраза и заборавањето на сите хумани обзири, насочен, по правило, против недолжните што ги обвинува за сите фиктивни или вистински несреќи на „својата" нација (Т. Љубомир, 1967). Определбите на содржината и карактерот на национализмот за оваа група сфаќања се насочени спрема однесувањето на припадникот на една нација спрема припадници на друга нација во смисла другите да се оценуваат како помалку вредни и инфериорни. Но, не само тоа, туку се работи и за изразување на омраза спрема припадници на други нации, посебно спрема оние за кои се смета дека ја загрозуваат сопствената нација. Се работи значи за определба на национализмот во потесна смисла (шови-

нистички национализам) кајшто етничките предрасуди доаѓаат до полн израз.

Меѓу авторите кои национализмот го изедначуваат со националната свест воопшто, спаѓа современиот психолог Гицков (H. Guetskow 1955). Користејќи извесни, мошне ограничени емпирски податоци, тој зборува за лојалноста како за став кој предиспонира поддржување на објектот спрема кого тој став е насочен. Национална лојалност, според овој автор, е лојаност која е насочена спрема националната држава што постои или треба да се воспостави. Овој автор и другите два поими – верноста и патриотизмот, ги употребува во исто значење и за нив зборува како за синоними. Разликите во значењето на овие три термини, произлегуваат од објектот на националната приврзаност (народ, земја, лидер, идеологија, институција), а националната лојалност Гицков ја поврзува и со нејзините извори, кои се подредени во три типа: 1. Лојалност како средство (членовите на групата ја поддржуваат нацијата заради тоа што неа ја сметаат како средство за постигнување на своите индивидуални цели и за стекнување определена сатисфакција преку идентификација); 2) Лојалност како крајна вредност (луѓето се врзуваат за нацијата бидејќи сметаат дека нацијата и националната приврзаност се автономни потреби и вредности сами по себе); 3) Лојалност као конформизам што се стекнува преку законскиот односно легитимниот авторитет на државата, преку очекуваните санкции за нелојалност, преку точно определените начини за изразување на лојалност (кога објектот спрема кого лојалноста е насочена ги определува начините на лојалното однесување).

Гицков, разликува три вида национализам: 1. Етноцентрички или шовинистички национализам (се карактеризира со доминација на лојалност спрема сопствената нација и со оценка дека другите нации се потенцијален непријател); 2. Либерален или умерен национализам (се карактеризира со примарноста за лојалност спрема сопствената нација, но и со признавање за постоење и на други видови приврзаност); 3. Интернационализам (се карактеризира со повеќекратна лојалност, а пред сè со приврзаност кон она што е прогресивно, вредно во која било нација). Со оглед на тоа дали е или не е развиена националната лојалност и со оглед на тоа дали е таа исклучива или повеќекратна, Гицков разликува четири вида личности: 1. Мултиплисти кои покажуваат лојалност спрема својата нација но истовремено чувствуваат и приврзаност спрема личности надвор од својата нација, покажуваат повеќекратна лојалност; 2. Патриоти кои чувствуваат дека имаат нешто заедничко само со своите сонародници; 3. Алиенирани кои не чувствуваат дека имаат нешто заедничко со своите сонародници и 4. Незадоволни кои чувствуваат дека имаат повеќе заедничко со другите отколку со своите сонародници. Оваа идеја на Гицков националните форми на приврзаност да се разликуваат според критериумот за лојалноста се покажала како мошне корисна. Нејзината предност е во тоа што го прикажува чувството на националната приврзаност како разбирлива и природна вредносна ориентација, оценува д-р Н. Рот (1983).

Сите овие класификации и категоризации се прилично спорни и претставуваат повеќе обид да се најдат определени меѓусебно различни

видови национална свест или национална приврзаност. Меѓутоа, врз основа на досегашната емпириска евиденција за психолошкиот аспект на национализмот, во светот и кај нас може основано да се зборува за разликување на повеќе видови национализам, национални приврзаности или видови на национална свест. Треба исто така, да се истакне дека интензитетот и содржината на националната приврзаност кај поединците се разликува. Може, меѓутоа, без двоумење да се рече дека чувството за национална припадност често претставува мошне важна движечка сила во однесувањето на поединецот.

Третата група дефиниции за поимот национализам кои го разликуваат национализмот од другите форми на национална приврзаност, претставуваат определби кои нагласуваат дека национализмот е состојба на свеста при што лојалноста спрема својата национална држава е посупериорна од сите други лојалности и за која (состојбата на свеста) се карактеристични изразената гордост на својата националност и уверувањето во нејзината неспорна исклучителност. Често, во рамките на овие сфаќања – национализмот се дефинира како уверување дека сопственото добро и доброто на групата е зависно од одржувањето и ширењето на моќта и силата на сопствената национална држава. Според оваа определба, национализмот би бил специфичен вид на национална приврзаност и лојалност, посебна и изразита форма на лојалност, исклучителна приврзаност за својата нација. Негови карактеристики би биле, покрај исклучителната лојалност спрема сопствената национална држава, прифаќање на супериорноста и исклучителноста на својата нација, стремеж да се зацврсти и прошири моќта на својата национална држава. Таква дефиниција наоѓаме, меѓу другите, кај Дуб (L. W. Dob, 1964, наведено според Н. Рот, 1983)

Со посебен и специфичен вид на национална приврзаност како лојалност на својата национална држава кој е посупериорен над сите други лојалности се сретнуваме во определувањето на поимот национализам од страна на американскиот социјален психолог Даниел Кац (D. Katz,1965). Според овој автор национализам е идеологија на национална држава. Затоа тој би можел да биде вистински претставник на четвртата група дефиниции за национализмот како национална идеологија кој вклучува многу ставови и вредности. Тој за национализмот зборува како за интегрален комплекс на вредности и верувања кои претставуваат кохерентна основа на здружување. Индивидуални членови на системот можат да покажуваат различен степен на отстапување од овие верувања и вредности. Значи, Кац за национализмот зборува како за идеологија на националната држава која е истовремено последица и причина за функционирање на државата. Односот меѓу националната идеологија и збирот на гледиштата на индивидуалните членови не е едноставен еден-спрема еден. Индивидуите покажуваат, меѓутоа, модално прифаќање на некои селектирани верувања.

Според овој автор можат да се разликуваат три типа национална идеологија, три компоненти на национализмот: Првиот – статизам кој ја вклучува доктрината на националниот суверенитет (доктрина според која

авторитетот на државата е апсолутен и највисок); Вториот – институционален национализам кој се центрира околу некои општествени институции како отелотворување на националните намери и националните цели. Така национализмот произлегува од доминантните институции на општеството; Третиот – културен идентитет кој се базира врз вредности што се концентрираат околу карактерот на народот, заедничкото културно наследство, јазик, животниот пат на луѓето, накратко, културниот идентитет кој веројатно го поседуваат членовите на националната држава. На индивидуално ниво, според овој автор, се зборува за свест, за националната припадност. Во екстремна форма таа свест често се нарекува етноцентризам или расизам. Наведените видови национализам Кац ги посматра со оглед на динамиката на националните системи односно се зборува за разликите на националните идеологии поаѓајќи од тоа во која историска фаза од општествениот развој се наоѓа одделна национална држава.

Така, Кац разликува: 1. Револуционерни општества кои се карактеризираат со напредокот на нацијата како израз на новите институции кои ги заменуваат соборените стари институции. Овде се претпоставува дека постои поблиска врска дури и интеграција меѓу сите три типа национална идеологија: политичката доктрина на новата држава, вредностите концентрирани околу новите институции и етноцентризмот на народот. Таквата интегрирачка идеологија има реална предност во мобилизирање на народот во формирањето на нови институции и нов подобар пат за просперитет, а и за отфрлување на непријателот особено ако станува збор за странци; 2. Развиени општества во кои се врши максимизација на доминантните институции и кајшто експанзионистичката сила е поткрепена со обиди да се одржи веќе создадената интегрирачка идеологија. Се воспоставуваат и привилегии за определени групи кои се поддржани од државата. Со цел зачувување на стабилноста на општеството се развива етноцентричка доктрина со тенденција спрема екстремниот расизам. На психолошко ниво се појавуваат измени во мотивационата основа на национализмот. Во идентификацијата на луѓето со нацијата зајакнуваат компензаторните механизми со нејзините симболи; 3. Бирократско-технократски општества, капиталистички или социјалистички во кои расте инвестиционен капитал, се врши поголема специјализација на трудот и побрз технолошки развој но се развива и бирократско-технократска организација. Во бирократскиот систем ослабнува врската меѓу политичката доктрина и културната идентификација со национализмот а и етноцентричките елементи не се веќе поблиску врзани со статизмот. Националниот идентитет на народот сѐ повеќе се врзува со неговата бирократска улога, а помалку со посебната култура на нацијата. Исто така, ослабнува и афективната врзаност на граѓаните со националната држава. Не е веќе од такво значење нагласувањето на културниот идентитет, па и националниот суверенитет како вредности отколку што е карактеристично величењето на државата, нејзината моќ и сила; 4. Општества со блокирана експанзија и намалена моќ. Доаѓа до повторно оживување на национализмот (конзервативен) и поголемо внимание се посветува на внат-

решните непријатели. Овој тип национализам најмногу е застапен кај водечкиот слој кој ја изгубил моќта. Затоа токму тие го редуцираат концептот на националното, вршејќи рестрикции и вклучувајќи само она што личи на нив, и што тие сметаат дека е оригинално национално. Така доаѓа до нагласување на културниот идентитет, традициите и историјата. Натаму, Кац истакнува дека интеграцијата на луѓето во групата, организацијата или во поголем систем може да се врши на две нивоа: на едно ниво тие се поврзани во структурата преку нивните емоционални чувства (прифаќање на светите симболи без дискусија); на друго ниво луѓето во системот се интегрирани преку функционалната поврзаност во нивните секојдневни активности и нивните емпириски ориентирани верувања. Во врска со конфликтните состојби Кац заклучува дека општо земено, идеолошката база за конфликт е поголема кога трите типови национализам (статизам, културен идентитет и верување и национални институции) се цврсто поврзани и кога повеќе се симболички отколку емпириски ориентирани.

Овој автор набројува и фактори за јакнење на национализмот и наведува четири вида услови: 1. Емоционално однесување (обожавање на националните херои и чувство на одвратност пред предавниците); 2. Чувство на идентификација со нацијата (национален идентитет како дел на концептот за сопствената личност); 3. Компензаторна идентификација – вид на национална идентификација базирана не толку на она што индивидуата ја привлекува за црпење корист од групната припадност, отколку на обидот за разрешување на сопствените внатрешни конфликти и несигурноста. Тоа се смета како дефанзивна или компензаторска идентификација или како авторитарен синдром што го опишаа Адорно и неговите соработници (1950). Кац наведува дека може да се најде некој степен на сродност меѓу етноцентризмот, антисемитизмот и шовинизмот и личната несигурност; 4. Инструментално вклучување во националната структура. Луѓето често ја прифаќаат својата национална улога во голема мерка затоа што нивните животни патишта и нивните животни сфаќања се врзани за националната структура. Колку удобностите што произлегуваат од членството во системот се поголеми толку индивидуата помалку ќе смета на можноста за излегување од системот. Од определбите на Кац за националната приврзаност се гледа дека во самите форми на групната врзаност, односно националната идентификација главно се определени и односите спрема членовите на сопствената нација и спрема припадниците на други нации. Додека за односите спрема членовите на сопствената нација може поопределено да се заклучува, односите спрема припадниците на други народи повеќе се латентни но, во секој случај, веројатно во голема мерка се поврзани со типовите на националната приврзаност.

Во врска со карактеристиките на национализмот во литературата се сретнуваме и со сфаќање дека национализмот е високо емоционална и често ирационална форма на групна интеракција и како таков често е поврзан со дихотомизирана перцепција за социјалниот свет во кого светот на сопствената група и светот на другата група остро се одделени. Натаму, национа-

лизмот се посматра како психо-историски феномен како колективна реакција на социјални и психолошки кризи предизвикани во периодите на премин од традиционална, аграрна спрема индустриски урбанизирана социјална структура и во периодите на културната ретардација и пролонгираното политичко и културно угнетување. Реакцијата на таквите кризи води до висока емоционална и социјална солидарност и високо идеализирање на претставата за сопствената група. Негативниот однос спрема други групи, велат претставниците на ова гледиште е карактеристична црта на секоја колективна идентификација (Anthony de R. and Julie K., 1966).

Оценувајќи ја појавата на националната приврзаност како важен сегмент на социјалното однесување, Н. Рот и Н. Хавелка (1971), пристапиле кон конструирање скала со која во наши услови би било можно испитување на појавата за национална приврзаност. Авторите поаѓаат од тоа дека патриотизмот, национализмот, етноцентризмот, интернационализмот и другите термини од слична содржина означуваат форма на национална приврзаност. За сите може да се зборува како за идеологии, вредности или ставови. Психолошки посматрано тоа се сложени диспозиции кои во социјалното однесување на луѓето често и во голема мерка доаѓаат до израз. Се манифестираат во однесувањето во врска со нацијата на која сметаме дека ѝ припаѓаме, со државата во која живееме и на многу други општествено релевантни појави во неа, во однесувањето во врска со разните нации, нивните припадници и односите меѓу нациите. Најчесто националната приврзаност и одделните нејзини форми се третираат како ставови.

Поаѓајќи од разгледувањата и истражувањата за постоење на различни видови национализми или различни форми национална приврзаност, а особено од сфаќањата на Кац (1965) и од обидите (поопределени и за конструирање на скала покорисни) на Гицков (1955) во разликувањето на видови на национална лојалност, а и од своите разгледувања и испитувања (а посебно користејќи материјал што го прибрале работејќи на конструирањето на скалата), авторите Рот и Хавелка, дошле до констатацијата дека е оправдано да се претпостави постоењето на пет форми на национална приврзаност.

Испитување на ставовите спрема сопствената и другите нации во мошне пошироки теоретски и методолошки рамки има во студијата на истите автори (Н. Рот и Н. Хавелка, 1973) под наслов „Националната приврзаност и вредности кај средношколската младина".

Како основен предмет на ова истражување авторите го одбрале утврдувањето на социјалните ставови во врска со феноменот на националноста. И тоа не само односот спрема одделни нации и во поголем или помал степен изразена социјална дистанца спрема нив. Од посебен интерес било прашањето за односот спрема сопствената национална припадност, развиеноста или неразвиеноста на чувствата за националната приврзаност и постоењето на определени форми на национална приврзаност.

Националната приврзаност, авторите ја дефинираат како „системи на меѓусебно поврзани ставови во кои доаѓа до израз односот на поединецот

спрема сопствената нација, својата национална држава и територија, сопствената национална култура, јазик и историја, спрема националните вредности и симболи, потоа спрема другите народи, како спрема оние со кои сопствената нација била или е политички и економски во пријателски, односно непријателски односи, така и спрема другите народи воопшто, па и спрема националната диференцијација како социјална појава. Спрема секој од споменатите и многу на нив средни објекти поединецот може да има позитивен, неутрален или негативен став. Оправдано е да се очекува дека во поглед дирекцијата на ставовите ќе дојде до нивна поларизација во две меѓусебно оддалечени групи. Тие групи можат да се разликуваат по богатството на ставовите што ги вклучуваат. Меѓу нив може да постојат релативно самостојни и во помал степен поларизирани системи на ставови".

Разликувањето на повеќе форми на национална приврзаност се покажало како оправдано уште во прелиминарните истражувања на овие автори (Н. Рот и Н. Хавелка 1971).

Конечната скала за испитување на формите на национална приврзаност се состоела од пет субскали: а) Форма на исклучителна национална приврзаност или систем од етноцентрички ставови, ставови во кои се застапува идеја за супериорноста на сопствената нација во однос на другите, б) Форма на истакната национална приврзаност, или систем на ставови во кои доаѓа до израз идеализаторскиот однос спрема сопствената нација, в) Форма на поделена национална приврзаност, или систем на ставови во кои се застапува коегзистенција и соработка на сопствената со другите нации, г) Општочовечка приврзаност, или систем на ставови во кои се нагласува единството на човештвото како примарна човечка заедница и д) Непостоење на национална приврзаност, или систем на ставови во кои се застапуваат уверувања дека национална приврзаност не е важна дури е и штетна. На примерокот од 790 средношколци од Белград и Крагуевац, од гимназии и индустриски училишта е проверувано постоењето на овие форми и нивната поврзаност со повеќе демографски и психолошки карактеристики. Со помош на модифицирана скала за испитување на социјална дистанца се испитувани и односите спрема некои нации (Словенци, Англичани, Бугари, Американци, Црнци, Австријанци, Хрвати, Руси, Германци и Македонци). Користејќи го искуството од поранешните истражувања (Н. Рот, 1963-66) во новата верзија скалата на социјалната дистанца ги содржела следните 7 односи: 1) Постојано да живее во мојата Република; 2) Да живее во моето соседство, во иста зграда или улица; 3) Да другарувам со него како со пријател; 4) Сестра ми (или брат ми) да стапат во брак; 5) Да стапам во брак; 6) Да ми биде претпоставен на работа (кај што е неопходно некој да биде претпоставен); 7) Да има раководна или некоја друга важна функција во мојата Република. При квантитативното прикажување на добиените податоци степенот на дистанцата може да се движи од нула до седум. Бројката седум означува прифаќање на сите односи и непостоење на социјална дистанца воопшто, нулата – најголем степен на дистанца и неприфаќање на ниеден од односите, а броевите меѓу нив – поголем или помал степен на

дистанца спрема одделни народи, односно поголем или помал степен на нивно прифаќање. Накратко, колку е поголем квантитативниот показател, дистанцата е помала и постои готовност за прифаќање на поголем број односи.

Резултатите од ова сложено истражување потврдуваат дека разликувањето на повеќе форми национална приврзаност се покажало оправдано. Испитаниците, речиси, редовно прифаќаат, со поголемо или помало манифестирање, тврдења во кои доаѓаат до израз две, па и повеќе форми на национална приврзаност.

Посматрајќи го примерокот во целина најголем просечен резултат е постигнат на III субскала – поделена национална приврзаност (36,94 при максимална можна вредност 42,0). Потоа следат: IV субскала – општочовечка приврзаност (32,64) и II субскала – истакната национална приврзаност (30,57), на крај со прилично пониски просечни резултати: V субскала – непостоење на национална приврзаност (24,56) и I субскала – исклучителна национална приврзаност (20,09).

Врз основа на анализата на интеркорелацијата на субскалите, авторите заклучуваат дека може да се зборува за постоење на три основни општи ориентации во поглед националното определување на средношколската младина: интернационалистичка – која содржи поделена национална приврзаност и општочовечка приврзаност (две доминантни форми на приврзаност), национална ориентација – која содржи истакната (национална идеализација) и исклучителна (етноцентризам) национална приврзаност; и ненационална ориентација – која содржи отсуство на национална приврзаност. Авторите заклучуваат дека дури под влијание на различни социјални и психолошки фактори поодделни од овие идеи (ориентации) постануваат доминантни и исклучително определени.

Потврдена е и претпоставката според која поголема социјална дистанца ќе се јавува заедно со поизразената национална ориентација, а поголем степен на прифаќање на други народи ќе се јавува со интернационалната ориентација.

Со цел да се испита и утврди постоењето на определени типови национална приврзаност во кои би било можно да се нареди секој од поделените со скалата испитувани облици, Н. Рот користејќи ги резултатите од наведените испитувања (1971 и 1973) ги подложил одговорите на скалата за утврдување на формите на национална приврзаност (од испитувањето на 790 испитаници) на факторска анализа (Н. Рот, 1975). Резултатите на факторската анализа покажале дека суштината ја прават факторите кои се во склад со претпоставката за постоење на пет различни форми на национална приврзаност.

Во истражувањето спроведено 1968 година, авторот Д. Пантиќ се занимава со изучувањето на развојот на преференцијата и ставовите спрема сопствената нација, други југословенски и некои странски народи кај белградските деца од српска националност на возраст од 7 до 12 години. Исто така ја испитувал врската меѓу ставовите и најелементарните знаења за нациите на кои се однесуваат тие ставови (редоследот на појавувањето на

афективната и когнитивната компонента и односот на збирот на знаењата и дирекцијата на ставовите). Авторот комбинирајќи ги методите на систематско неекспериментално и експериментално истражување дошол до резултати кои покажуваат дека кај децата на сите испитувани возрасти постои преференција и позитивен став спрема сопствената нација, а колку возраста е поголема толку е преференцијата поизразена.

Применувајќи оригинална верзија (од Н. Рот и Н. Хавелка, 1971) и изработена на истите принципи, паралелна, независна скала за испитување на формите на националната приврзаност (на различни примероци, најголем дел во средношколската и студентска популација), д-р Б. Пешиќ (1975) меѓу примерокот од Србија и Словенија нашол некои карактеристични сличности и карактеристични но мали разлики во поглед доминантноста на одделни типови ставови. Така, на пример, кај сите испитани групи најизразен став, како по зачестеноста, така и по интензитетот, бил ставот на таканаречената повеќекратна национална лојалност или интернационализам, а на другата страна мошне мал процент испитаници кои појако манифестираат национална идеализација или дури етноцентрички сфаќања – и слично е мал процентот на оние, кои изразуваат космополитски или анационални ставови. Како карактеристична разлика била таа, што во Словенија се покажало нешто поголемо нагласување на идеализација на сопствената нација, а во Србија поголемо нагласување во насока на истакнат интернационализам или космополитизам.

На репрезентативен примерок на населението од Македонија од 1476 испитаници применувајќи ја оригиналната скала за испитување на формите на национална приврзаност (од Н. Рот и Н. Хавелка, 1971), најдовме (Ј. Лазароски, 1975) постоење и различен степен на изразеност на петте форми национална приврзаност. Најголем процент на највисоки резултати е застапен на субскалата – поделена национална приврзаност, потоа на субскалата – истакната национална приврзаност, следат резултати на субскалата – општочовечка приврзаност, а со прилично мал процент се застапени испитаниците на субскалата – исклучителна национална приврзаност и на субскалата – отсуство на национална приврзаност. Прикажаната слика за зачестеноста на различните степени на манифестирање на петте форми на национална приврзаност е слична со резултатите од истражувањето на примерокот на средношколската младина од Крагуевац и Белград (Н. Рот и Н. Хавелка, 1973). Резултатите од ова испитување, исто така, ја потврдија претпоставката дека етноцентричките чувства спрема сопствената нација се во корелација со социјалната дистанца и дека на социјалната дистанца најмногу ѝ е спротиставена интернационалистичката ориентација.

Во своето опширно и мошне сложено истражување за вредносните ориентации, особините на личноста и класната припадност, Д. Ј. Пантиќ (1977) ја испитувал и димензијата – Отвореноста спрема светот – затвореноста. Дефинирајќи ја оваа димензија, авторот дава преглед на терминолошката разновидност на определби на оваа димензија и истакнува дека суштинските разлики, веројатно, се помали отколку што изгледа на прв поглед. Тој

наведува пет, претежно користени термини, во определувањето на оваа димензија: национална приврзаност (Рот, Н.; 1968, 1970, 1971, Рот, Н., и Хавелка, Н, 1973) други го преферираат терминот национална лојалност (Олпорт, Г, 1954; Гицков, Н, 1955), трети го истакнуваат терминот национална идентификација, четврти се наклонети на терминот отвореност спрема светот, петти на формите на вклучување во националниот систем. Речиси, сите досегашни терминолошки и концептуални обиди, според мислењата на авторот, се однесуваат повеќе или помалку на ист континиум но на различни негови делови. Фактот што одделни автори рамноправно користат два или повеќе термини може да биде показател дека суштински разлики нема. Според Пантиќ, оваа димензија може да се прикаже во три дела: затвореност во својата нација (етноцентризам, шовинизам, национализам, национална исклучителност и други слични форми на национална приврзаност); мешан тип (национална алиенација, анационалност, непостоење на национална приврзаност, антинационализам и други слични форми); и интернационализам (пацифизам, космополитизам, мондијализам, повеќекратна лојалност, поделена национална приврзаност, општочовечка приврзаност и други слични форми). Како аргумент за ова определување, Пантиќ го користи истражувањето на Рот и Хавелка (1973) кои врз основа на интеркорелацијата меѓу петте претпоставени форми на национална приврзаност со право заклучуваат дека може да се зборува за постоење само на три форми: национална ориентација, ненационална ориентација и интернационализам. Јасно е, вели Пантиќ, дека овие форми можат да се подредат долж еден континиум, односно дека две од споменатите ориентации можат да се третираат како делови од димензија кои се спротиставуваат еден спрема друг, додека ненационалната ориентација би можела да биде премин меѓу нив или „мешан тип".

Што се однесува на оваа димензија (отвореност – затвореност) авторот нашол дека отвореноста кон светот е карактеристична за повеќе од половината од вкупниот примерок (56%), затвореноста за нешто помалку од една петтина (18%) и „мешаниот тип" за околу една четвртина од случаите (26%). Споредувајќи го овој наод со резултатите на одделни, од порано спроведени истражувања во кои оваа димензија е поинаку дефинирана (да речеме, национализам – интернационализам, итн.), авторот заклучува дека овие резултати приближно одговараат на она што досега е утврдено, бидејќи сите истражувања искажуваат доминација на интернационалистичката ориентација.

Со цел да провери дали учениците од српска и унгарска националност во Војводина на крајот од основното школување имаат развиени социјални ставови кои изразуваат различни форми на национална приврзаност, на примерок и од национално – мешаните бракови на Срби и Унгарци, Ѓ. Ѓуриќ, (1980) ја применил скратената верзија на скалата за национална приврзаност чии автори се Н. Рот и Н. Хавелка (со вкупно 10 тврдења – по две тврдења за секоја форма на национална приврзаност). Врз основа анализата на резултатите авторот констатира дека биле издиференцирани две основни ориентации во поглед националната приврзаност на испитаници-

те: интернационалистичка, која е доминантна (ја прават поделена, општочовечка и елементи на национална идеализација) од една, и отсуство на национална приврзаност, од друга страна. Во однос на основните наоди на Рот и Хавелка (1973) ова испитување открива слични но и различни тенденции. Тоа укажува на постоење на основни форми на национална приврзаност, со нивна помала издиференцираност, како и на постоење на две основни ориентации, интернационалистичка и исклучителна национална приврзаност, додека отсуството на национална приврзаност не се манифестирало како независна ориентација.

Во едно друго испитување (1979) на примерок од три возрасни и образовни групи ученици, припадници на српска, унгарска, словачка, романска и руска националност Ѓ. Ѓуриќ (1987) нашол дека основните тенденции во прифаќањето на ставките на сите форми на лојалност се слични кај испитаниците на одделни националности кои живеат во Војводина (најголемо е прифаќањето на тврдењата на поделена национална приврзаност).

За да стекне увид во структурата на уверувањата на кои се базираат формите на национална приврзаност, Н. Хавелка (1975) од група испитаници (75 студенти од психологија) откако завршиле со одговарањето на скалата за испитување на формите на национална приврзаност, побарал од испитаниците меѓу сите прочитани тврдења да одберат две: едно кое најверојатно го изразува нивното мислење и едно кое е најоддалечено од нивното мислење. Потоа од испитаниците е барано да ги образложат своите одговори (за секое тврдење одделно). Тие образложенија се подложени на анализа на содржината.

Резултатите покажале дека речиси 2/3 од испитаниците се наоѓаат во категоријата на поделена национална приврзаност; потоа на второ место според зачестеноста на јавувањето била општочовечката приврзаност. Значи интернационалистичката ориентација на испитаниците дошла во потполност до израз.

Врз основа содржините на образложувањата авторот заклучува дека поделената национална приврзаност ја прифаќаат личности кај кои постои ист степен на приврзаност на националната група и општочовечката заедница, но и извесен број на оние кај кои една од тие две приврзаности е повеќе изразена.

И кај испитаниците кои ги карактеризира прифаќање на општочовечка приврзаност, исклучителната национална приврзаност се јавува како најнеприфатлива форма на приврзаност.

Испитаниците кои врз основа на содржината на образложувањата класифицирани во групата општочовечка приврзаност се покажале како помалку наклонети кон националната идеализација (често ја прогласиле како поблага или прикриена форма на национализам) за разлика од испитаниците кои биле класифицирани во групата поделена национална приврзаност. На крај, авторот заклучува дека добиените образложувања покажуваат дека феноменолошки е оправдано разликување на поделена национална приврзаност и општочовечката приврзаност како две различни гледишта во рамките на интернационалистичката ориентација.

Врз основа на општите разгледувања и прикажаните наоди од испитувањата, можните воопштувања упатуваат на следните заклучоци и дирекции:

1. Веќе повеќе од триесет години кај нас се вршат испитувања на социјалните ставови во смисла утврдување на психичкото како детерминанта на социјалното однесување. Најмногу се испитувани националните предрасуди како посебен вид ставови и нивното манифестирање на етничките стереотипи и во етничката дистанца.

Од социјално-психолошки аспект националното чувство (националниот идентитет) и ставот спрема националното прашање претставуваат определена структура (диспозициона карактеристика) што ја поседува поединецот и која го оформува (детерминира) и насочува неговото социјално однесување. Сознанијата до кои се дошло со емпириски испитувања овозможиле подоцнежните истражувања да се ставаат во мошне пошироки теоретски и методолошки рамки. Така научниот интерес на истражувачите сè повеќе се насочувал кон идентификување на диспозиционите карактеристики на поединецот (структуралните компоненти на личноста) како што се вредностите и вредносните ориентации (диспозициони системи како потрајни ориентации) и со тоа веќе било можно делумно да се објаснуваат индивидуалните и групни разлики што доаѓаат до израз во социјалното однесување.

2. Добиените наоди од испитувањата извршени на различни примероци во разни краеви на бивша Југославија потврдуваат дека разликувањето на повеќе форми национална приврзаност (повеќе видови субјективни односи спрема појавата на нацијата), се покажало оправдано. Повеќе се сличностите отколку разликите во доминантноста на одделни форми национална приврзаност во различни испитувања. Имено, речиси во сите испитувања се покажало дека е доминантна истовремената приврзаност за сопствената нација и интернационалистичката ориентација (тн. поделена национална приврзаност), а најредок се покажал етноцентричкиот национализам (исклучителна национална приврзаност кон сопствената национална група) како најнеприфатлива форма на национална приврзаност. Исто така мал е процентот на оние кои манифестираат космополитски или анационални ставови.

3. Разликување на повеќе форми национална приврзаност потврдуваат и наодите на факторската анализа, потоа најдените разлики во степенот на корелацијата на разликуваните видови национална приврзаност со резултатите од испитувањата за социјалната дистанца спрема другите народи, па разликите во прифатените вредности што се јавуваат поврзани со одделни видови национална приврзаност.

Се покажало дека постои прилично силна врска меѓу позитивните односно негативните етнички стереотипи и неприфаќања на определените општествени односи. Оние народи за кои се поизразени позитивните стереотипи повеќе се прифаќаат во секој од односите отколку народите спрема кои се поизразени негативните стереотипи. Речиси во сите испитувања

јасно се покажува дека припадниците од сите националности најмногу прифаќаат членови од сопствената нација.

Присутна е, исто така, и тенденцијата за доминантноста на афективниот однос спрема припадниците од други национални групи; дека емоционалната компонента на ставот генерално го определува (не)прифаќањето на определен народ, независно од вклучениот однос.

Наодите од испитувањата потврдуваат дека поголема социјална дистанца се јавува заедно со поизразената национална (етноцентричка) ориентација, а поголем степен прифаќање на други народи со интернационалистичка ориентација.

Во интерпретирањето на резултатите од истражувањата, авторите сè почесто известуваат дека постои извесна стабилност во прифаќањата и одбивањата (на скалата од општествените односи) кои ги карактеризираат етнички односи. Веројатно се работи за тоа дека и стереотипите и социјалната дистанца имаат свој извор во општиот однос спрема стимулусот – група (народот), како резултат на влијанијата од различниот психолошки и социјален контекст. Но, веројатно, етничките стереотипи и социјалната дистанца се последица на сложените психолошки диспозиции кои се манифестираат во врска со нацијата на која сметаме дека ѝ припаѓаме и во врска со разните нации и нивните припадници. Потврда за тоа се резултатите од испитувањата кои одат во прилог на претпоставката за позитивната заемна поврзаност меѓу некои форми на национална приврзаност (главно етноцентричка приврзаност) и социјалната дистанца.

4. Постоењето различни и сложени определувања на национална приврзаност (не само алтернативата национализам и интернационализам) го потврдува и обидот на типологијата врз основа добиените податоци и нивната факторска анализа (Рот, 1975). Резултатите потврдуваат присуство на повеќе различни сложени определувања кон нацијата (секој посебен облик содржи релативно засебен и целосен систем на уверувања). И утврдената когнитивна содржина на определените разликувани форми се покажуваат различни (Хавелка, 1975) и зборуваат за различноста и сложеноста на односите и спрема сопствената нација и спрема другите нации. Сето тоа потврдува дека националната приврзаност е сложен систем од ставови (целосен систем на уверувања) што го прават националното чувство односно националниот идентитет на поединецот кој може да биде излезна точка на односите спрема припадниците од други нации.

5. Особено важен наод од досегашните испитувања, можеби и највежен во смисла на теоретскиот придонес, е оној кој упатува на постоењето јаки тенденции за усогласување на диспозициони основи за определени форми на национална приврзаност со определени видови црти на личноста во релативно стабилни единствени диспозициони системи на социјално однесување (Рот и Хавелка, 1973 и Д. Пантиќ, 1977). Се покажало, имено, дека испитаните диспозиции претставуваат релативно организиран диспозиционен систем. Всушност на диспозиционите карактеристики е екстраполиран еден од општите принципи на структурирање и организирање на личноста – принципот на единство на личноста (Рот, 1973).

ЛИТЕРАТУРА

– Antoni, de R. and Julie, K.: Conflict in Society, Churchill, LTD, London, 1966, 184.
– Đurić, Đ.: Nacionalna vezanost kod učenika osnovne škole, во: V конгрес на психолозите на Југославија, материјали I, Друштво на психолозите на Македонија, Скопје, 1975, 413-418.
– Đurić, Đ.: Psihološka struktura etničkih stavova mladih, Obrazovni centar „Jovan Vukanović", Novi Sad, 1980.
– Đurić, Đ.: Vaspitanje mladih u višenacionalnoj zajednici (deo: Oblici nacionalne vezanosti kod mladih), Pedagoški zavod Vojvodine, Novi Sad, 1987, 110- 115.
– Guetskow, H.: Multipie Loyalities, Princeton Univerzity Press, Princeton, 1955.
– Havelka, N.: Kognitivna struktura pojedinih oblika nacionalne vezanosti, во: V конгрес на психолозите на Југославија, материјали I, Друштво на психолозите на Македонија, Скопје, 1975, 428-436.
– Katz, D.: Nationalism and strategies of international conflict Resolution, во: Herbert, C. Kelman (Ed.): International Behaviour Holt Rinehart and Winston, New York, 1965.
– Lazaroski, J.: Повезаност облика националне везаност са социјалном дистанцом, во: V конгрес на психолозите на Југославија, материјали I, Друштво на психолозите на Македонија, Скопје, 1975, 419-427.
– Павићевић, В.: Култура међунационалних односа, НИН, бр. 1081/71, Београд, 22-23.
– Pantić, D.: Dečji stavovi prema sopstvenoj i drugim nacijama, Institut društvenih nauka, Centar za istraživanje javnog mnenja, Beograd, 1970 (šapirografirano) и во: Psihološka istraživanja, Institut za psihologiju, Beograd, 1976, 268, 301-311.
– Pantić, D.: Vrednosne orijentacije, osobine ličnosti i klasna pripadnost, doktorska disertacija, Filozofski fakultet, odelenje za psihologiju, Beograd, 1977 (šapirografirano).
– Perišić, B.: Neki metodološki problemi merenja nacionalnih stereotipa i socijalne distance, во: V конгрес на психолозите на Југославија, материјали I, Друштво на психолозите на Македонија, Скопје, 1975, 410-413.
– Rot, N.: Psihološki sadržaj nacionalizma, Treći program, Proleće, Beograd, 1970.
– Rot, N.: Osnovi socijalne psihologije, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1983, 383- 384.
– Rot, N. i Havelka, N.: Izrada skale za ispitivanje oblika nacionalne vezanosti, u: Psihološke rasprave, IV kongres psihologa Jugoslavije, Bled, 1971, Društvo psihologa Slovenije i Filozofski fakultet - Ljubljana, 163-168.
– Rot, N., i Havelka, N.: Nacionalna vezanost i vrednosti kod srednjoškolske omladine, Institut za psihologiju i Institut društvenih nauka, Beograd, 1973.
– Rot, N.: Pokušaj utvrđivanja tipova nacionalne vezanosti,, во: V конгрес на психолозите на Југославија, материјали I, Друштво на психолозите на Македонија, Скопје, 1975, 419-427.
– Tadić, Lj.: Nacionalizam i internacionalizam, Filozofija, Beograd, 1967, br. 3, 5-16.

Jakov LAZAROSKI

## NATIONALISM AND OTHER FORMS OF NATIONAL TIES

(Summary)

Psychological content pertainable to the relation towards one's own nation is an important segment of the social behaviour not only of an individual but also of the social groups. In that context this paper deals with nationalism and other forms of national ties whereby it synthetically presents the concepts of authors with various theoretical

approaches. Its fundamental aim is to confirm which psychological factors are listed and which role is ascribed to them in regard to national behaviour.

Having presented various forms of the subjective relations to one's own nation (from ethnocentric to international orrientations), the paper surveys a number of researches which have justified the nature of several distinctive forms of national consciousness as reasons for national ties.

This justification for distinguishing different forms of national ties is proved by the confirmed differences in the correlational coefficient between the forms of national ties and the ammount of the social distance towards the members of other nationalities as well as in the correlation between the definite valuable orrientations and the definite forms of national ties.